# ПОСЕБЕН ДОДАТОК

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВО НА ПОСЕБЕН ДОДАТОК

За дете со специфични потреби кое има физички или психички пречки или комбинирани пречки во развојот до 26 години му се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок. Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на специфични потреби.
Дете со специфични потреби е:

- Со тешка, потешка или најтешка инвалидност
- Со умерен, тежок или длабок ментален хендикеп
- Со најтешки облици на хронични заболувања
- Најтежок степен на оштетување на видот слухот или говорот
- Со повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

Право на посебен додаток остварува еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Р.Македонија, ако детето е државјанин на Р.Македонија со постојано место на живеење во Р.Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата.
Висината ина посебниот додаток изнесува 26,30% од просечната плата во Р.Македонија исплатена во предходната година.
Ова право се остварува без разлика на материјалната состојба на семејството, бројот на децата во семејството, како и дали детето се школува. Родителот покрај користењето на правото на посебен додаток може да остварува и право на детски додаток доколку ги исполнува условите остварување на право на детски додаток предвидени во закон за заштитан а децата.

## Документи потребни за остварување на правото за посебен додаток:

- Извод од матична книга на родените на детето;
- Уверение за државјанство на детето
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на детето;
- Решение за категоризација од ЦСР;
- Потврда од ЦСР дека детето не институционално згрижено на товар на државата;
- Лична карта на поднесувачот на барањето (фотокопија).

Извор:

- Закон за заштита на децата од член 24 до член 27, Службен весник на Р.Македонија бр.98/2000 од 23.11.2000

**Закон за заштита на децата**

**2. Посебен додаток**

| |
|---|
| **Член 24**<br>За дете со специфични потреби кое има физички или психички пречки или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок.<br>Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на специфичните потреби. |
| **Член 25**<br>Дете со специфични потреби во смисла на овој закон е:<br>-со тешка, потешка или најтешка инвалидност;<br>-со умерен, тежок или длабок ментален хендикеп;<br>-со најтешки облици на хронични заболувања;<br>-најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот и<br>-со повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот. |
| **Член 26**<br>Право на посебен додаток има еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Република Македонија, ако е детето државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата. |
| **Член 27**<br>Висината на посебниот додаток изнесува 26,30% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година. |